Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за дополнување на Правилникот за организација
и работа на Министерството за финансии

Скопје, октомври 2020 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

П Р А В И Л Н И К
за дополнување на Правилникот за организација
и работа на Министерството за финансии

Член 1

Со овој правилник се врши дополнување на Правилникот за организација и работа на Министерството за финансии бр. 01-7191/1 од 24.04.2015 година, бр. 01-7191/11 од 16.07.2015 година, бр. 01-496/3 од 04.08.2016 година и бр. 01-18214/1 од 05.12.2018 година и тоа:

Во глава II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во член 4, точка 11. СЕКТОР КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ, по одделението „в) Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање“, се додава ново одделение: „г) Одделение за преведување од македонски на албански јазик и обратно и јазична редакција“.

Член 2

Во глава III ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ, во член 15, точка 11. СЕКТОР КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ, по одделението „в) Одделение за преведување, јазична редакција и лекторирање“, се додава ново одделение „г) Одделение за преведување од македонски на албански јазик и обратно и јазична редакција“ кое гласи:

„ г) Одделение за преведување од македонски на албански јазик и обратно и јазична редакција

Одделението за преведување од македонски на албански јазик и обратно и јазична редакција ги врши работите што се однесуваат на: симултано преведување од македонски на албански јазик и од албански на македонски јазик на разговорите при престој на странски делегации и поединци во Република Северна Македонија за работи од делокругот на работата на министерството, преведување на закони и подзаконски текстови, превод на писма, како и други пишани материјали и коресподенција од македонски на албански јазик и обратно, јазична редакција на службените материјали кои се преведуваат од македонски на албански јазик и обратно, како и врши други работи во врска со преведување и јазична редакција.“

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 3067/1
30.-10-.2020 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Лилијана Стојановска
Проверил: Верица Стоилова
Согласен: Татјана Васева
Проверил: Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ана Арсовска
Ќефсер Демири
Одобрил: Јулијана Петановска